# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25) и член 23 став 2 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21 и 37/25), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ПОД КОИ РЕЗИДЕНТИТЕ КОИШТО НЕ СЕ ОВЛАСТЕНИ БАНКИ, МОЖАТ ДА ОТВОРААТ И ДА ИМААТ СМЕТКИ ВО СТРАНСТВО

1. Во Одлуката за начинот и условите под кои резидентите коишто не се овластени банки, можат да отвораат и да имаат сметки во странство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 50/19, 181/19, 167/20, 308/20, 88/21, 177/21, 247/21, 89/22 и 84/25), во точката 5, во ставот 2, точката на крајот од алинејата 7 се заменува со точка и запирка и се додава нова алинеја 8 којашто гласи:

„- којшто врши енергетска дејност.“

2. Во точката 7, по потточката 7.7, се додава нова потточка 7.8 којашто гласи:

„7.8. За учество на меѓународни и регионални пазари на енергија од страна на резидент којшто врши енергетска дејност, заради тргување со енергија или заради обезбедување балансна одговорност, во согласност со законот со кој се уредува енергетиката, доколку со пропис на земјата во која се наоѓа пазарот на енергија е предвидена обврска за отворање сметка кај странска банка заради учество на тој пазар.“.

3. Во точката 10, по потточката 10.7, се додава нова потточка 10.8 којашто гласи:

„10.8. За издавање одобрение за отворање и имање сметка кај странска банка за учество на меѓународен или регионален пазар на енергија заради тргување со енергија или заради обезбедување балансна одговорност, во согласност со законот со кој се уредува енергетиката:

- доказ дека резидентот е запишан во трговскиот регистар и во регистарот на други правни лица за вршење енергетска дејност. Изводот од трговскиот регистар треба да биде издаден од надлежен орган и да не е постар од 3 (три) месеци. Доколку за вршење на дејноста е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен орган, треба да се достави доказ за добиената согласност, дозвола или друг акт на државен орган согласно со закон;
- примерок од прописот на странската земја во којшто е предвидена обврската за отворање сметка во странска банка;
- соодветен документ со кој се докажува учеството на резидентот на меѓународниот или на регионалниот пазар на енергија; и
- пресметка на максималниот потребен износ на средства заради тргување со енергија или заради обезбедување балансна одговорност, за период од една година.

весник на Република Северна Македонија“.

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Трајко Славески,** с.р.

Бр. 02-28091/4
20 август 2025 година
Скопје